РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
АЛЕКСАНДАР УРДАРЕВСКИ
Бр. 03-871/2
15.04. 2025 год.
с.Сандево-Чучер Сандево

ООУ „Александар Урдаревски" Чучер-Сандево

Листа на слободни изборни предмети

Врз основа на Концепцијата за деветгодишно основно образование издадена од Мон и БРО и Водичот за слободни изборни предмети во основно образование издаден од БРО, ООУ „Александар Урдаревски" Чучер-Сандево на учениците од вториот период ќе им биде понудена листа со изборни предмети за учебната 2025/2026 година.

На почетокот од септември 2025, учениците од третиот период (VII-VIIIодд),со поддршка на родителот/старателот, од листата на слободни изборни предмети треба да ги избере предметите што ќе ги изучува во тековната учебна година (еден за првото и еден за второто полугодие).Изборот го прави на тој начин што заокружува предмети од различни категории.

Доколку нема доволен број заинтересирани ученици за формирање група за предметите кои се избрани или пак доколку училиштето не може да обезбеди соодветни просторни услови за реализација на конкретен изборен предмет ќе треба ученикот повторно да избере нов предмет од понудените предмети.

Напомена : Предметите што ученикот ќе ги избере за тековната учебна година мора да бидат од различни категории.Исто така,во текот на еден образовен период,ученикот не може два пати да избере ист предмет,освен ако не се работи за предмет од иста област кои се на различно ниво.

За учебната 2025/2026 година училиштето на учениците ќе им понуди преку анкета од следните слободни изборни предмети според категориите:

1.Категорија : Изборни предмети за проширување и продлабочување на знаењата

- Истражување на родниот крај
- Класична култура 2
- Воведување во историјата на ликовната уметност и ликовен јазик
- Музички жанрови
- Заштита на животната средина

2.Категорија : Изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој

- Јас и околината-заштита на животната средина
- Мултикултурни работилници
- Етика и морал
- Емоционална писменост
- Социо-емоционално учење
- Морал и етички вредности

3 Категорија : Изборни предмети за поддршка на интересите на учениците

- Пчелите и нивната улога во зачувување на природата
- Готвење

- Извидништво
- Градинарство и хортикултура
- Фотографија

4 категорија Спортско рекреативни изборни предмети

- Пинг понг
- Шах
- Фудбал
- Одбојка
- Кошарка